Република Северна Македонија
**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ЗА 2022 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 01-879/1 | Даниела Рендевска<br>[име и презиме] |
| Датум: | 14.07.2022 | Претседател<br>[функција] |
| Место: | Скопје | [м.п.] [потпис] |

# Содржина


1. Извршно резиме ........ 2
2. Вовед ........ 5
3. Активности за реализација на Планот ........ 7
   - 3.1. Планирање врз основа на проценка на ризик ........ 7
   - 3.2. Листи за проверка ........ 8
   - 3.3. Стручно усовршување и обука на инспектори ........ 8
   - 3.4. Постапување по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и субјектите на инспекциски надзор ........ 8
   - 3.5. Автоматизација на инспекциското работење преку електронскиот систем „Е-инспектор“ ........ 10
4. Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност и меѓународна соработка ........ 12

# 1. Извршно резиме

Годишниот план за проценка на ризици од корупција на Инспекцискиот совет за 2022 година (во натамошниот текст: „План"), произлегува од Планот за борба против корупцијата „Акција 21", на Владата на Република Северна Македонија.

Инспекцискиот совет е колегијален самостоен орган на државната управа, составен од претседател и шест члена, кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од четири години.

Претседателот и членовите на Советот, како носители на јавни функции го имаат потпишано Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

Со Кодексот се уредува начинот на однесување и работење на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, министрите, замениците на министрите и другите носители на извршни функции именувани од Владата на Република Северна Македонија, заради обезбедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, ефикасноста, лојалноста, одговорноста, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, при вршење на нивните функции, односно должности во рамките на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија.

Цел на кодексот е обезбедување јакнење на интегритетот на Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа, како и на правните лица основани од Владата и јакнење на довербата на граѓаните во нивната работа.

Носителите на извршни функции во вршењето на својата функција се придружуваат на основните принципи на овој кодекс и стандардите на однесување, како што се:

– владеењето на правото,

– остварувањето на јавниот интерес,

– заемното почитување и заштитата на угледот на Владата и институциите,

– соработката, ефикасноста и економичноста,

– отчетноста, транспарентноста и респонзивноста,

– вклученоста, ориентираноста кон консензуалност и

– одговорност.

Носителите на извршни функции ги вршат своите јавни овластувања и должности во согласност со Уставот, законите, другите прописи донесени врз основа на закон и меѓународните договори ратификувани согласно Уставот на Република Северна Македонија. Носителите на извршните функции осигуруваат дека сите кои работат под нивна надлежност се еднакво одговорни пред Уставот и законот, а Уставот и законите се спроведуваат еднакво за сите.

Работата на претседателот и шесте членови на Советот, е поддржана од стручно-административната служба, која во своето работење се раководи според Кодексот за административни службеници со којшто се пропишуваат етичките стандарди и правилата на однесување на административните службеници. Целта на овој кодекс е поттикнување на доброто постапување и однесување на административните службеници и зајакнување на довербата на граѓаните во работата на институциите на јавниот сектор. Етичките стандарди и правилата на однесување административниот службеник ги применува во односите со колегите, со претпоставените и со странките, на неговото работното место, но и во приватниот живот и јавноста.

Законските надлежности, утврдени со Законот за инспекциски надзор, Инспекцискиот совет ги спроведува, пред се, преку следење на спроведувањето на законските прописи за инспекциски надзор. Исто така, Советот креира клучни производи и услуги (како што е воспоставувањето на електронскиот систем „Е-инспектор“), дава мислења за извештаите на инспекциските служби, дава мислење за методологиите за проценка на ризик, донесува стратегија за обуки на инспекторите, додека пак, преку постапувањето по претставки доставени од физички и правни лица, ги лоцира можните неправилности во работењето на конкретни инспектори, прибира податоци, ги анализира и презема мерки, во ситуации во кои наводите се потврдени, со цел зголемување на довербата кај граѓаните во севкупниот инспекциски систем.

Мисијата на Инспекцискиот совет е обезбедување на владеење на правото, заштита на правата на граѓаните, унапредување на заштита на здравјето и животот на луѓето, заштита на животната средина и унапредување на конкурентен економски амбиент.

Визијата на инспекцискиот совет е модерен, функционален и ефикасен инспекциски систем, кој се потпира на најдобрите национални и меѓународни практики, во кој веруваат и граѓаните и економските оператори во Република Северна Македонија.

Овој План е изготвен согласно визијата за општество засновано на највисоки етички вредности и интегритет, што на сите граѓани им овозможува еднаков пристап до одговорни и транспарентни институции и почитување на човековите

права и слободи. Со реализацијата на целите и мерките од Планот треба да се обезбеди подигнување на довербата во институциите на системот, ефикасно користење на јавните ресурси и јакнење на демократијата, општествените вредности и остварување на човековите права.

Главни цели на Планот се обезбедување на следните вредности во работењето:

- Транспарентност
- Отчетност
- Сигурност
- Општествена одговорност
- Учество на јавноста
- Почитување на законите

## 2. Вовед

Корупцијата е динамична појава која има многу форми и се поврзува со различни економски, правни, политички, социолошки и други фактори. Негативните ефекти од корупцијата се огромни и далекусежни, протегајќи се низ јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор. Коруптивното однесување ја поткопува довербата во институциите на системот, ефикасното користење на јавните ресурси и претставува закана за демократијата и остварувањето на човековите права, поради ерозија на општествените вредности. Во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, корупцијата е дефинирана како: „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба, за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг", додека, пак, судир на интереси претставува: „состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае, врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности".

Интегритетот и корупцијата се две спротивставени појави, односно секое коруптивно дејство подразбира кршење на интегритетот. Интегритет е квалитет на дејствување во согласност со општоприфатените морални вредности и норми, во корист на јавниот интерес.

Извештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО, како и извештаите на други релевантни организации, континуирано укажуваат на неповолните состојби во справувањето со корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќање на корупцијата како начин на живеење. Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Инспекцискиот совет, како креатор на политики, кој има надлежности врз 28 инспекциски служби, од кои 14 функционираат како државни инспекторати, а 14 како организациски единици во други органи на државната управа, може да има влијание врз спречувањето на појавата на ризиците за корупција во државата.

Примарната цел на Инспекцискиот совет е преку реформи во инспекцискиот систем да придонесе за унапредување на капацитетот на службите задолжени за владеење на правото, за заштита на правата на граѓаните, заштита на животот и здравјето, заштита на конкурентноста на пазарот и заштита на фискалните интереси на државата.

Стремежот на Инспекцискиот совет е преку спроведувањето на реформите во инспекцискиот систем на Република Северна Македонија, да ја врати довербата на граѓаните и бизнис секторот во инспекциските органи, кои со зајакнати и

реформирани капацитети, ќе ја унапредат примената на регулативата, како и заштитата на правата на сите вклучени страни. Крајната цел е изградба на систем кој гарантира стручна, професионална, ефикасна, политички неутрална, етична и пред се сервисно ориентирана инспекциска служба, во која вработувањето и напредувањето во кариерата ќе се заснова и ќе зависи само од способностите на инспекторите.

На 30.11.2019 година, започна да се применува новиот Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 102/19), со кој јасно се утврдуваат правата и обврските на субјектите на надзорот; намалување на рестриктивноста и репресивноста, како и на обврските на инспекциските служби кон Советот; комплементарно регулирање на статусните прашања на инспекторите; поедноставување на постапката за лиценцирање на инспектор; воведување на нов концепт на инспекциски надзор преку планирање врз основа на процена на ризик; олеснување и поголема правна сигурност за субјектите на надзор (пред се од приватниот сектор), со воведување на унифицирани правила за надзор и задолжителност на листи за проверка при редовниот надзор.

Инспекцискиот совет, во континуитет, остварува активна соработка во насока на промоција и изнаоѓање на механизми за подобрување на инспекцискиот систем, притоа наоѓајќи најдобри практики и докажани решенија кои се апликативни за нашиот систем, размена на информации и искуства, па и во насока на обезбедување на дополнителни финансиски и друг вид на средства, за подобрување на самиот систем.

## 3. Активности за реализација на Планот

Со донесувањето на новиот Закон за инспекциски надзор, воведен е нов концепт на планирање на инспекцискиот надзор врз основа на процена на ризик, а преку воспоставување на информацискиот систем за инспекциски надзор, кој ќе биде целосно интегриран во информацискиот систем на државната управа, односно преку платформата за интероперабилност ќе биде поврзан со другите информациски системи, ќе се овозможи разменување на податоци и информации. Овој концепт има цел да постигне поголема транспарентност, предвидливост и правна сигурност на субјектите на надзор, но и да ги унапреди механизмите за вршење на инспекцискиот надзор, како основа на борбата против корупцијата. Во таа смисла, клучните активности и алатки на Инспекцискиот совет во борбата за спречување на корупцијата, вклучуваат:

- Планирање врз основа на проценка на ризик
- Листи за проверка
- Стручно усовршување и обука на инспектори
- Постапување по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и субјектите на инспекциски надзор
- Автоматизација на инспекциското работење преку електронскиот систем „Е-инспектор"

### 3.1. Планирање врз основа на проценка на ризик

Планирањето на инспекцискиот надзор се заснова на проценката на ризикот, која е детално регулирана во член 32 од Законот за инспекциски надзор. Проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциската служба и во себе вклучува анализа, управување и известување за ризикот и се спроведува според методологија за проценка на ризик, која ја донесува раководителот на инспекциската служба, по претходно мислење на Советот.

Сите 28-те инспекциски служби под јурисдикција на Инспекцискиот совет, веќе ја имаат подготвено и донесено Методологијата за проценка за ризик.

Ова е клучна алатка, со која треба да се обезбеди транспарентност, предвидливост и правна сигурност на субјектите на надзор.

### 3.2. Листи за проверка

Листата за проверка, уредена со член 70 од Законот за инспекциски надзор, е стандардизирана алатка за организација, планирање и спроведување на ефективен

и ефикасен инспекциски надзор, која обезбедува транспарентност во постапката за инспекциски надзор. Листата за проверка има и едукативна цел, односно на субјектот на надзор му овозможува запознавање со конкретните законски обврски и барања за усогласеност и влијае врз зголемување на информираноста и свесноста кај субјектите на надзор и нивното доброволно усогласување. Листите за проверка се задолжителни при редовен инспекциски надзор.

Листите за проверка за соодветните области, ги донесува секоја инспекциска служба во рамките на нејзината надлежност. Тие се објавуваат на веб страницата на инспекциската служба, како и на веб страницата на Инспекцискиот совет. Со поддршка на Инспекцискиот совет, во текот на 2020 година, се подготвени вкупно 187 листи за проверка.

## 3.3. Стручно усовршување и обука на инспектори

Со донесувањето на Законот за инспекциски надзор е воспоставен целосно нов систем за развој и управување со инспекторите во инспекциските служби на централно ниво. Системот ја препознава важноста на обуката во развојот на професионални и компетентни инспектори, како една од основните алки во успешното спроведување на законските и подзаконските акти во државата.

Овој систем за стручно усовршување и обука на инспекторите во инспекциските служби, го воспоставува и одржува Инспекцискиот совет, кој е задолжен да обезбеди дека инспекторите ќе се стекнат со нови и современи знаења и вештини, кои се од суштествено значење за нивната работа и кои значително ќе придонесат за подобрување на меѓусебната соработка и комуникација.

Во текот на 2021 година, Инспекцискиот совет спровел генерички обуки за инспекторите, при што се издадени 2562 сертификати за успешно реализирани генерички обуки.

Оваа активност продолжува и во 2022 година, за што Инспекцискиот совет на 17.6.2021 година донесе Годишна програма за генерички обуки на инспекторите за 2022 година, која вклучува тринаесет теми, и тоа:

Тема 1.1 – Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 1.2 – Инспекциски надзор

Тема 1.3 – Одговорност и санкции и постапки

Тема 1.4 – Постапување по претставки и предлози,прекршочни одредби

Тема 1.5 – Канцелариско работење, архивско работење

Тема 1.6 – Компјутерска обработка на текст

Тема 1.7 – Компјутерска обработка и табеларни пресметки

Тема 1.8 – Етика

Тема 1.9 – Управување со време

Тема 1.10 – Комуникација

Тема 1.11 – Управување со стрес

Тема 1.12 – Надлежности на Државната Комисијата за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка

Тема 1.13 – Спречување на корупција

### 3.4. Постапување по претставки од физички и правни лица, поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и субјектите на инспекциски надзор

Инспекцискиот совет, во согласност со законските надлежности, секојдневно постапува по претставки од физички и правни лица, кои се поврзани со работата на инспекторите, инспекциските служби и субјектите на инспекциски надзор.

Во ноември 2020 година, Инспекцискиот совет ја пушти во употреба новата веб страница (https://is.gov.mk), која е организирана на начин кој обезбедува полесна достапност на информациите кои се структурирани според целни групи. Веб страницата вклучува и електронска алатка за поднесување на претставки и предлози до Инспекцискиот совет, кои се поврзани со неправилности, недостатоци, ненавремено постапување или корупција во врска со работата на инспекторите и инспекциските служби.

Оваа електронска алатка е исклучително важна за Инспекцискиот совет, со оглед дека во неговата внатрешна организациска структура нема посебна единица за борба против корупцијата и/или организираниот криминал. Сепак, во систематизацијата е предвидено работното место Советник за претставки и предлози, коешто согласно Годишниот план за вработување на Инспекцискиот совет треба да се пополни во четвртиот квартал на 2022 година, а чии работни задачи вклучуваат преземање на дејствија и активности за обезбедување на потребни податоци за утврдување на основаноста на претставките кои се однесуваат на работата на инспекторите, како и подготвување на налози за единечен и заеднички вонреден инспекциски надзор над работата на субјекти, за кои има сознанија дека работат спротивно на закон и/или спротивно на јавниот интерес утврден со закон.

Во текот на 2021 година, Инспекцискиот совет разгледал вкупно 384 претставки, од кои 121 претставка се однесува на работата на инспекторите, 230 претставки се

однесуваат на барање за инспекциски надзор, а 33 претставки се препратени на друг државен орган, побарани се дополнителни податоци и/или е констатирано дека се неосновани или некомплетни.

Компаративно, вкупниот број на пристигнати претставки во 2021 година (384), во однос на 2020 година (367), бележи незначителен пораст од само 4%. Тоа упатува на зголемување на довербата која граѓаните ја имаат во Инспекцискиот совет и препознавање на Годишен извештај за работата на Инспекцискиот совет за 2021 година и неговата улога во инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, особено ако се има во предвид дека најголемо зголемување, од околу 163%, има кај претставките против државните инспектори (121 претставка во 2021 година, наспроти 46 во 2020 година).

## 3.5. Автоматизација на инспекциското работење преку електронскиот систем „Е-инспектор"

Инспекцискиот совет во текот на 2020 година започна со развивање на софтверско решение за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење „Е-инспектор", како најсеопфатен и најважен инструмент во борбата за спречување на корупцијата. Електронскиот систем ќе овозможи електронска распределба на надзори по инспектори, следење на реализацијата на надзорите и генерирање на записници и решенија, генерирање на месечни планови, шестмесечни извештаи и други типови на извештаи, за секоја инспекциска служба.

Придобивките од овој систем се далеку поголеми за субјектите на надзор, отколку за самите инспектори и инспекциски служби, бидејќи ќе го намали субјективното влијание на инспекторот, а со тоа и можноста за коруптивно однесување. Преку интегрирање на листите за проверка, инспекцискиот надзор ќе биде многу пообјективен, унифициран и без можност за манипулација, со што ќе се зголеми правната сигурност и довербата на граѓаните во севкупниот инспекциски систем.

Е-инспектор ќе овозможи електронско поврзување и работење на сите 28 инспекциски служби под јурисдикција на Инспекцискиот совет и ќе придонесе за подобрување на институционалните капацитети и зголемување на меѓу институционалната соработка.

Е-инспектор ќе биде поврзан на платформата за интероперабилност, која овозможува меѓусебно поврзување и користење на регистрите и базите на податоци помеѓу државните органи и институции, за што на 27.07.2020 година, Инспекцискиот совет и Министерството за информатичко општество и администрација, склучиле Договор за воспоставување на пристап за поврзување на повеќе посредни корисници на единствената околина преку единствен комуникациски клиент.

Системот е пуштен во пробна работа (Пилот фаза од неговиот развој), во средината на 2021 година. Во оваа фаза се вклучени три инспекциски служби, додека дополнителни 13 инспекциски служби ќе се вклучат во текот на 2022 година, а останатите 12 инспекциски служби ќе бидат вклучени во 2023 година.

## 4. Соработка со други институции, организации, медиуми, јавност и меѓународна соработка

Инспекцискиот совет како координативно тело, во континуитет спроведува активности унапредување на инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, што вклучува интензивна комуникација и соработка со домашни и странски институции и организации. Во таа насока остварени се повеќе резултати:

- Потпишан Меморандум за размена на информации со Управата за јавни приходи

Меморандумот предвидува Советот да доставува до УЈП информации, податоци и документација за констатирани состојби од страна на инспекциските служби, надлежни за спроведување на Законот за забрана и спречување на нерегистрирана дејност, заради утврдување и пресметување на даночните обврски, додека УЈП, пак, до Советот доставува информации за нерегистрирано вршење на дејност од страна на субјекти при вршење на контроли согласно своите надлежности.

- Донесена Комуникациска стратегија за реформите во инспекцискиот систем во Република Северна Македонија

Инспекцискиот совет на 155-та седница одржана на 23.1.2020 година ја разгледа и донесе Комуникациската стратегија за реформите во инспекцискиот систем на Република Северна Македонија.

Целта на Стратегијата е да се врати довербата на граѓаните и бизнис секторот во инспекциските органи, кои со зајакнати и реформирани капацитети ќе ја унапредат и примената на регулативата, како и заштитата на правата на целните групите.

- Донесени интерни процедури за јавни набавки, и тоа:

  - Процедура за постапката и начинот на вршење на набавките во Инспекцискиот совет, под вредносните прагови;
  - Процедура за постапката и начинот на вршење на јавните набавки и реализација на договорите во Инспекцискиот совет.

Со овие процедури се зајакнува контролата и надзорот врз спроведувањето на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите и на тој начин се елиминира можноста за коруптивно однесување при спроведувањето на јавните набавки во Инспекцискиот совет.

❖ Потпишан Договор за деловна соработка со Централен регистар на РСМ

Целта на договорот е дигитализација и автоматизација на инспекциската постапка и работењето на инспекциските служби. Со оваа соработка, преку информацискиот систем Е-инспектор, им се овозможува на инспекциските служби како посредни корисници на податоци, пристап до точни и ажурни информации за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор во рамките на нивните законски надлежности.

❖ Соработка со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) преку проектот

Во ноември 2019 година започна со реализацијата на Проектот - „Поддршка за подобрување на ефективноста на инспекциите – Координација во Инспекцискиот совет", со времетраење од една година. Проектот беше финансиски поддржан од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) и Владата на Министерството за финансии на Големото војводство на Луксембург, а неговата главна цел беше подобрување на ефикасноста и координацијата на инспекторатите и другите тела за инспекција под надлежност на Инспекцискиот совет.

Во рамки на овој проект, а со цел спроведување на Законот за инспекциски надзор и подзаконските акти што произлегуваат од законот, се реализираа следните активности:

- Подготвени 200 листи за проверка;
- Подготвени Методологии за проценка на ризик секој од инспекторатите;
- Изработена база со вкупно 600 испитни прашања за општиот дел од испитот за лиценца на инспектор;
- Подготвени пакети за обуки во согласност со Програмата за интерактивна обука за стекнување со лиценца за инспектор, достапни на македонски и на албански јазик;
- Изработен Прирачник за организација и управување со Центарот за обука во рамки на Советот;
- Развиена платформа за електронско учење и тестирање (ЛМС);

Соработката со ЕБОР продолжи за уште една година, во текот на 2021 година, со што продолжи да се работи на подобрување на ефикасноста и зајакнување на координацијата на инспекциските тела, кои се во надлежност на Инспекцискиот совет, како и зајакнување на неговите институционални капацитети за спроведување на надлежностите утврдени со Законот за инспекциски надзор.

Во рамки на втората фаза од проектот се реализираа следните активности:

- Подготвени Методологии за проценка на ризик за преостанатите 13 инспекциски служби, како и обезбедување потребна обука за персоналот на инспекциските служби;
- Ажурирање на осумте веќе подготвени пакети за обука (на македонски и албански јазик) особено презентациите за онлајн учење (преку платформата LMS) согласно идентификуваните потреби нза поголема интеракција кои произлегоа од КОВИД кризата и се поголемите потреби за учење на далечина; и
- Подготвени 13 пакети на генерички обуки наменети за тековни инспектори (напредна програма), погодни и за предавање во училница и за само-учење (преку платформата ЛМС).

Во 2022 година започна со реализација третата фаза од соработката со ЕБРД, преку проектот Е-инспектор – продолжување на поддршката на инспекциските реформи во Северна Македонија. Овој проект планирано е да трае 18 месеци, односно да заврши заклучно со септември 2023 година. Целта на проектот е автоматизација на инспекциската постапка преку развивање на 13 модули за електронизација на инспекциската постапка за 13 инспекциски служби (Државен инспекторат за земјоделство, Државен просветен инспекторат, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за шумарство и ловство, Агенција за храна и ветеринарство, Државен инспекторат за транспорт, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам, Државен комунален инспекторат, Инспекторат за употреба на јазиците, Државен инспекторат за локална самоуправа и Државен девизен инспекторат), кои ќе бидат дел од информацискиот систем Е-Инспектор.

Досега во рамки на проектот се реализирани следните активности:

- Изработена Гап Анализа за хостирање на Е – инспектор,
- Изработена техничка спецификација за хостирање на Е – инспектор,
- Изработена техничка спецификација и тендерска документација за автоматизација на инспекциската постапка за 13 инспекторати.

Во тек е подготовка за објавување на јавен повик за избор на ИТ компанија која ќе го спроведе развивањето на 13-те нови модули за автоматизација на инспекциската постапка за 13-те инспекциски служби. Јавниот повик го спроведува ЕБРД.

- ❖ Соработка со Министерство за информатичко општество и администрација

Инспекцискиот совет интензивно соработува со Министерството за информатичко општество и администрација, особено во процесот за реорганизација на државната управа, која се спроведува со поддршка на проектот „Поддршка на државната реорганизацијата", финансиран во рамки на програмата ИПА за 2017 година. Инспекцискиот совет, со претставници од редот на членовите и стручно-административната служба и учествува во работата на Тимот за реорганизација.

На 23.06.2022 година се потпиша Договорот за давање на трајно користење на движна ствар без надомест, меѓу Министерството за информатичко општество и администрација и Инспекциски совет, врз основа на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Инспекциски совет бр. 41-3864/1 од 03.05.2022 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија. Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските за начинот на користење, чување и одржување на софтверската програма за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење (Е-инспектор) чија вредност изнесува 7.969.818 денари.

- Соработка со Државната комисија за спречување на корупција

Инспекцискиот совет интензивно соработува со Државната комисија за спречување на корупција, особено во контекст на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интерес, во која се наведени два проблеми за чие решавање покрај останатите институции, има надлежност и Инспекцискиот совет.

На 31.03.2022 година склучен е Меморандум за соработка меѓу Инспекцискиот совет и Државната комисија за спречување на корупција, а неговата цел е промовирање на соработка и размена на меѓусебни искуства, координација и водење заеднички договорени активности во согласност со законските надлежности на двете Страни.

- Соработка со Кабинетот на заменик претседателот на ВРСМ, задолжен за политики на добро владеење

Инспекцискиот совет одржува редовна, интензивна и продуктивна соработка со Кабинетот на ЗПВРСМ, заради подобрување на координацијата, утврдување на механизми за олеснување на меѓуинституционалната комуникација, со цел зголемување на ефикасноста на антикорупцискиот систем во целина.

Во тој контекст, Советот изработи детална анализа за законските надлежности, капацитети и поставеноста во инспекцискиот систем во Република Северна Македонија, како и детална анализа за кадровската екипираност со план за доекипирање на инспекциските служби.

- Соработка со други организации

По интензивната четиригодишна соработка, во текот на 2021 година успешно е комплетиран проектот „Модернизација на инспекциските служби", финансиски поддржан од УСАИД, чии главни корисници се Инспекцискиот совет и дел од инспекциските служби. Клучна придобивка од овој проект е развојот на првата фаза од „Е–инспектор".

Советот во 2021 година, во рамките на неговите надлежности за координација, учествува во дефинирање на решение за спроведување на практичната работа и обука на работно место, за кандидатите за инспектори во Инспекторатот за употреба на јазиците, која е спроведена под надзор на менторство на инспектори од Државниот управен инспекторат. За оваа цел, во февруари 2021 година, Инспекциски совет, Државниот управен инспекторат и Инспекторатот за употреба на јазиците потпишале Меморандум за соработка.
Во август 2021 година, е потпишан Меморандум за соработка од ист вид и за иста цел и помеѓу Инспекцискиот совет, Државниот просветен инспекторат и Инспекторатот за употреба на јазиците.

Во март 2021 година, Инспекцискиот совет и Централниот регистар потпишаа Договор, со кој се воспоставува деловна соработка за користење на податоци во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, за потребите на информацискиот систем на инспекциски надзор „Е-инспектор". Со оваа соработка, на инспекциските служби како посредни корисници на податоци, им се овозможува пристап до точни и ажурни информации за ефикасно спроведување на инспекцискиот надзор во рамки на нивните законски надлежности.

Во јули 2021 година, реализиран е работен состанок меѓу претставници на Инспекцискиот совет, Државниот пазарен инспекторат, Државниот управен инспекторат и Државниот инспекторат за труд, на кој главна тема е дигитализацијата и автоматизацијата на инспекциската постапка и работењето на инспекциските служби, пред се обезбедување на потребните технички средства за отпочнување на примена на софтверското решение за вршење на инспекциски надзор.

Во октомври 2021 година, Инспекцискиот совет е домаќин на официјална делегација од Управата за инспекциски работи на Црна Гора. Целта на посетата е воспоставување на билатерална соработка во областа на вршење на инспекциски надзор. За време на посетата се разменети информации и искуства, со посебен акцент на развојот на електронскиот систем за автоматизација на инспекциската постапка и инспекциското работење „Е-инспектор". Дополнително, двете страни разговараа и за процесот на изработка и примена на листите за проверка, проценката на ризик при планирање на инспекцискиот надзор, како и начинот на лиценцирање и

обука на инспекторите, а утврдена е и потреба од унапредување на соработка преку склучување на Меморандум за соработка.
Исто така, во октомври 2021, на барање на официјални претставници од Република Србија, одржана е онлајн средба со советници за инспекции и регулатива. На предметната средба се разменети искуствата во поглед на инспекцискиот надзор, формално правната положба на инспекторот и раководните структури во инспекторатите, начинот на напредување во кариера и зголемување на платите на инспекторите, како и начинот и постапката на вреднување на севкупниот учинок и ефикасност во работењето на самите инспектори, можните влијанија на независноста во одлучувањето на инспекторите и формалната (правна) заштита кои истите ја имаат.

Во рамките на кампањата „Разбистри сé" во јуни и јули 2021 година, Центарот за еколошка демократија ФЛОРОЗОН и Институтот за комуникациски студии изработиле анализа за Проценка на транспарентноста и отчетноста на инспекторатите со надлежности во животната средина. Согласно утврдените заклучоци и препораки во документот, на предлог на невладини организации, Инспекцискиот совет формира работна група за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходните шест месеци и на годишниот извештај за работа на инспекциските служби, во чиј состав покрај претставниците од вработените и членовите на Советот, учествуваат и претставници на клучните инспекциски служби, како и невладините организации, изработувачи на анализата.

Инспекцискиот совет во месец мај 2022 година започна со реализација на спроведување на Проектот на УСАИД за граѓанско учество - Активноста - Техничка помош за инспекциските реформи. Предвидените активности кои што треба да се спроведат со реализацијата на овој проект се:

- *Анализа на коруптивни точки*

За оваа активност потребно е да се идентификуваат коруптивни точки кај три избрани инспекторати (ДИЖС, ДСЗИ и ДПИ). Да се анализира Националната стратегија за борба против корупцијата.

- *Изработка на Наставна програма за генеричка обука – Интегритет на инспектори*

За оваа активност изработена е Наставна програма за генеричка обука - Интегритет на инспектори (План за обука, Прирачник за обучувачи, Прирачник за инспектори со вежби, Презентација, Квиз Прашања), и подготвена е SCORM електронска обука, кои ќе бидат поставени на ЛМС системот на Инспекцискиот совет. Оваа наставна програма инспекторите ќе можат да ја следат во 2023 година.

- *Подготовка на стратешки насоки/план со Акциски план за подготовка на Стратегија за развој на инспекцискиот систем*
- *Анализа на имплементација на ЗИН*

За оваа активност прибавени се мислења од сите 28 инспекциски служби кои се под надлежност на Инспекцискиот совет, врз чија основа ќе се изготви Анализата.

- *Подготовка на анимиран видео спот – Е-инспектор и инфографици*

Оваа активност е веќе завршена и подготвен е видео спотот – Е-инспектор (изработен двојазично), како и инфографици за Е-инспектор, надлежностите на ИС и Поднеси претставка.